ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

## ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

- Врховен суд на Р. Македонија како **највисок суд во државата**, се залага за обезбедување на **единство во примена на законите** од страна на судовите, со цел **обезбедување на независен, непристрастрасен, високо професионален и ефикасен судски систем.**
- Врховен суд на Р. Македонија решава во втор степен против одлуките на своите совети и во трет и последен степен по жалбите против одлуките на апелационите судови, при што се грижи за доследно **почитување на принципот на владеење на правото и заштитата на индивидуалните и колективните слободи и права**.
- Врховен суд на Р. Македонија се стреми да ја **подигне довербата на граѓаните во судските институции,** преку одлучување по барање на странките и другите учесници во постапката за повреда на правото на судење во разумен рок.
- Врховен суд на Р. Македонија **остварува домашна и меѓународна соработка** со релевантни институции, во насока на создавање на **современ судски систем**, **хармонизиран со применливата европската легислатива и соодветни меѓународни стандари**.
- Врховен суд на Р. Македонија се стреми кон развивање и имплементација на **системски и процесен пристап во работењето**, со цел донесување на **навремени и правични одлуки** во постапките на судење.
- Врховен суд на Р. Македонија спроведува **идентификација, планирање, воведување, контрола и постојано унапредување на сите процеси** кои имаат влијание врз квалитетот на услугите.
- Врховен суд на Р. Македонија се стреми да одржува **тим од висококвалификуван и мотивиран кадар**, свесен за важноста на своите дејствија, при што се остварува **непречена, навремена и точна комуникација и дистрибуција на знаење**.
- Врховен суд на Р. Македонија го поддржува **Системот за Управување со Квалитет** во согласност со барањата на меѓународниот **стандард ISO 9001:2015.** Во врска со тоа извршува **идентификација, планирање, воведување, контрола и континуирано подобрување на сите процеси кои имаат влијание врз квалитетот на работењето.**
- Врховен суд на Р. Македонија се стреми навремено да ги **идентификува ризиците во работењето, проактивно да управува со нив заради унапредување** на услугите, процесите и Системот за управување со квалитет.
- Врвното Раководството на Врховен суд на Р. Македонија како **лидер** обезбедува **мотивираност, вклученост и посветеност кон остварување на стратешките определби и цели.**
- Врвното Раководството на Врховен суд на Р. Македонија периодично извршува **контрола на политиката, функционирањето на системот за управување со квалитет, исполнувањето и поставувањето на нови цели за квалитет**.

Скопје, 11.04.2017

Претседател

Јово Вангеловски